Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Друштво за трговија и услуги
СТОМАГРУП 19 ДОО
Бр. 27/1/25
27.05.2025 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-5880/1
Датум: 23-05-2025

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги-одржување и сервисирање на контрола на пристап и работно време
## (Дел 2 - Одржување и сервисирање на контрола на пристап и работно време за подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи)

Склучен помеѓу:
1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев“, бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СТОМАГРУП 19 ДОО СКОПЈЕ, со седиште на ул.„23 Октомври“ бр.20/43, 1000 Скопје, претставувано од Борче Домлевски, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на контрола на пристап и работно време за подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи, по спроведена поедноставена отворена постапка, по оглас бр.03849/2025.

Предметот на договорот опфаќа и замена на резервни делови по потреба и по барање на договорниот орган.

Услугите - предмет на договорот, носителот на набавката ќе ги извршува согласно со техничките спецификации (Прилог 1 кон договорот) и Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот), кои се составен дел на овој договор.


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 633
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19
издание 4

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Единечните цени за извршување на услугите од член 1 на овој договор се утврдени во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот).

Во единечните цени за резервните делови наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот) е содржана цената на резервниот дел, кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот, цена на работен час (трошоци за работна рака) и тоа: работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенд и празник, патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

За услугите на овој договор извршени во градот Скопје нема да се признаваат патни трошоци, додека за услугите извршени надвор од градот Скопје, а кои се однесуваат конкретно на Отстранување и поправка на физичките делови (терминали, камери, DVR снимачи, напојување, итн.) без замена на резервен дел, ќе се признаваат патни трошоци во износ од 30% од цената на литар гориво по километар. Вкупниот износ на патни трошоци ќе се пресметува на следниот начин: километража (растојание помеѓу градовите) помножено со 30% од цената на литар гориво по километар.

Вкупната максимална вредност на овој договор без пресметан данок на додадена вредност изнесува 300.000,00 денари.

Данокот на додадена вредност изнесува 54.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 354.000,00 денари.

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, при што истата не смее да ја надмине максималната вредноста на договорот со пресметан ДДВ.

Договорниот орган не е обврзан да го искористи целиот износ на максималната вредност на договорот.

Член 3

Цената за резервен дел кој не е предвиден во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот), ќе се фактурира според набавната цена на резервниот дел со пресметана трговска маржа од 15 % сметано од набавната цена на делот, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

За замена на резервен дел кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот), носителот на набавката е должен да понуди цена за истиот со трговска маржа која е утврдена во став 1 на овој член.

За докажување на висината на маржата, носителот на набавката е должен со својата фактура да достави и примерок од фактурата од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот.

Единечните цени од Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот) и висината на трговската маржа се фиксни и непроменливи за цело времетраење на договорот.

## III. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Договорот важи за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од 12.07.2025 година или до целосно искористување на максималната вредност на договорот, во зависност од тоа што прво ќе настане.

## IV. ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИ

### Член 5

Предметот на набавката го опфаќа извршувањето на следниве услуги:

-отстранување и поправка на дефекти без замена на резервен дел;

-отстранување и поправка на дефекти со замена на резервен дел (кои се наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови);

-отстранување на утврдениот дефект или проблем, со замена на резервен дел по доставена предлог пресметка (понуда) од страна на носителот на набавката за замена на резервниот дел (кои не се наведени во листата на цени за услуги и резервни делови) и по прифаќање на понудата од страна на договорниот орган и

-одржување на софтвер на системот.

Договорниот орган не е обврзан да ги замени сите резервни делови наведени во техничките спецификации (Прилог 1 кон договорот) и Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот).

### Член 6

Договорните страни се согласни извршувањето на секоја услуга која е предмет на овој договор задолжително да се одвива на следниов начин:


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup | +389 2 3255 633 www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19 издание 4

-барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга;

-издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за замена на резервни делови кои не се наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот);

-издавање на писмено одобрение за извршување на услугата од договорниот орган (по доставена предлог пресметка);

-извршување на услугите од страна на носителот на набавката и

-одобрување на работен налог за извршена услуга.

**Барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга**

Член 7

Доколку договорниот орган има потреба од извршување на услуга со замена или без замена на резервен дел, задолжително се обраќа до носителот на набавката (писмено или преку електронска пошта или усно во зависност од итноста) со барање да ја изврши бараната услуга, односно да му се издаде предлог-пресметка/понуда за извршување на услугата.

**Издавање на предлог-пресметка/понуда од носителот на набавката**

Член 8

Носителот на набавката е должен на барање на договорниот орган да издаде предлог-пресметка (понуда) за замена на резервен дел кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот).

Носителот на набавката во предлог - пресметката (понуда) задолжително наведува:

-опис на услугата што треба да се изврши, цена на резервен дел со пресметана трговска маржа од 15% од набавната цена на делот, во прилог со примерок од фактурата од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот;

-барањето од договорниот орган;

-рок во кој ќе ја изврши конкретната услуга, сметано од денот на прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

Понудата/предлог пресметка за секој резервен дел кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот) треба да содржи цена на понудениот дел која вклучува:

-цена на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот;

-трговска маржа која се пресметува единствено на набавната цена на делот кој се заменува;

-цена на работен час (трошоци за работна рака), во која ќе бидат вклучени: работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенд и празник, патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Набавната цена на делот кој се заменува е цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Наведените делови ја сочинуваат вкупна понудена цена за замена на резервниот дел кој не е наведен во листата на цени за услуги и резервни делови.

Работен час во врска со извршувањето на услугите - предмет на договорот е работниот час потребен за извршување на бараната услуга независно од бројот на ангажирани лица за извршување на услугата.

При составување на понудата, носителот на набавката треба да ги прикаже сите наведени елементи на цената на понудениот дел.

Утврдувањето на рокот во кој носителот на набавката ќе ја изврши конкретната услуга е должен да го врши врз основа на реална проценка за времето потребно да се изврши услугата.

**Писмено одобрение од договорниот орган**

Член 9

Договорниот орган е должен да ја разгледа предлог-пресметката (понудата), да провери дали истата е во согласност со овој договор и врз основа на процена на оправданоста за извршување на услугата дава одобрение на носителот на набавката.

Носителот на набавката ќе пристапи кон извршување на услугата само по добивање на писмено одобрение дадено од договорниот орган.

Член 10

По исклучок од член 9 на овој договор, во итни случаи, договорниот орган може да му даде на носителот на набавката усно одобрение за извршување на услугата.

Носителот на набавката е должен да пристапи кон извршување на услугата за која е дадено усно одобрение и истото да го констатира во работниот налог.

Договорниот орган по даденото усно одбрение задолжително треба да достави писмено одобрение до носителот на набавката во рок до 3 (три) работни дена.

За лицата кои можат да дадат усно одобрение во итни случаи договорниот орган ќе го извести носителот на набавката по потпишување на овој договор.

**Извршување на услугата од носителот на набавката**

Член 11

Носителот на набавката е должен по доставеното барање од договорниот орган, а во итни случаи и по усно барање од страна на договорниот орган, да пристапи кон извршување на услугата и да изврши замена на резервни делови од листата на цени за услуги и резервни делови.

Носителот на набавката е должен по добиеното одобрение од страна на договорниот орган да пристапи кон извршување на услугата за која издал предлог-пресметката (понудата).

Доколку во текот на извршување на одобрената услуга, носителот на набавката утврди дека е потребна дополнителна интервенција, тој е должен да направи дополнување на предлог-пресметката и истата да ја достави на одобрување до договорниот орган, а по добиеното одобрение да ја изврши дополнителната услуга.

**Работен налог за извршена услуга**

Член 12

Носителот на набавката се обврзува дека за секоја извршена интервенција ќе издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на определени лица од носителот на набавката и договорниот орган.

Работниот налог е потребно да ги содржи минимум следните податоци: датум и време на почеток и завршување на услугата, опис на извршената услуга, промена и опис на резервен дел (доколку е сменет дел) со количини и други податоци кои се потребни за потврдување на реализираната услуга.

## V. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 13

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во најкраток можен рок, но не подолго од 3 работни денови.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог-пресметката (понудата), а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот од став 2 на овој член почнува да тече сметано од денот на прифаќање на предлог-пресметката (понудата ) од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен вградувањето на резервните делови од увоз да го изврши за максимум 60 дена по прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува во случај на итен повик, односно на барањето за дополнително вонредно сервисирање од договорниот орган, да интервенира во рок не подолг 24 часа.

Член 14

Двете договорни страни се должни со податоците и документите до кои дошле при извршување на предметот на овој договор, да постапуваат согласно со глава „X. Доверливост на информации и податоци" од овој договор и во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

## VI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 15

Договорниот орган плаќањето за предметната услуга ќе го изврши во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата за извршена услуга и уредно потпишан работен налог за извршената услуга од определените лица за следење на реализација на договорите од двете договорни страни.

Во случај на замена на резервен дел, кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови (Прилог 2 кон договорот) носителот на набавката кон фактурата покрај предлог пресметка/понуда и одобрувањето од договорниот орган за резервниот дел на кој се однесува фактурата, задолжително приложува и примерок од фактурата на испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник на производителот на деловите.

Во понудената единечна цена за резервни делови наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови е содржана цената на резервниот дел, кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот, цена на работен час (трошоци за работна рака), во која се вклучени: работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени,

викенд и празник, патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје.

Доколку фактурата отстапува од одобрената предлог - пресметка (понуда) или кон неа не е приложен работниот налог или примерок од фактурата на испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник на производителот на деловите, фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката заради докомплетирање или доставување на исправна фактура.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 16

При монтажата на резервни делови, поправка и отстранување на дефекти, носителот на набавката е должен да ги преземе сите обврски кои произлегуваат согласно Законот за безбедност и здравје при работа и сите останати важечки прописи кои се однесуваат за заштита, безбедноста и здравјето при работа на лицата кои се ангажирани за реализација на договорот.

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација и да ги извршува обврските стручно и квалитетно придржувајќи се кон прифатените услови дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел на овој договор (Прилог 2 кон договорот).

По склучување на договорот, носителот на набавката е должен да му достави на договорниот орган список на лицата кои ќе бидат задолжени за реализација на услугата - предмет на договорот.

Член 17

Носителот на набавката е особено должен:

- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на предметниот договор, придржувајќи се кон барањата од договорниот орган;
- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на предметниот договор;
- да му се укаже на договорниот орган за било која неправилност во врска со функционирањето на опремата - системот предмет на договорот;

- во рамките на извршувањето на своите обврски да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметниот договор.

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време и да го информира договорниот орган, веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

Носителот на набавката е должен за секоја извршена интервенција/услуга да издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на двете договорни страни.

Член 18

Носителот на набавката е должен непосредно пред вградување на резервните делови за истите да достави гарантни листови, сертификати и/или атести од производителот на резервните делови.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 19

Договорниот орган е должен да определи лице/а за контакт кое/и ќе биде задолжено за реализација на договорот.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршената услуга согласно член 15 од овој договор.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 20

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде безусловна, неотповиклива и на прв повик наплатлива од страна на договорниот орган и треба да биде издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## X. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

### Член 21

Определените лица од носителот на набавката за реализација на договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 22

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на носителот на набавката и на договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој договор од страна на носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 23

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган.

Член 24

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 21 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон. За ваквото барање носителот на набавката веднаш ќе го извести одговорното лице на договорниот орган.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 25

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај договорниот органот.

Член 26

Носителот на набавката по писмено барање на договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 27

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од Договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 28

Одредбите од глава X од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## XI. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 29

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 30

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 31

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 32

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

XII. ВИША СИЛА

Член 33

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 34

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 35

За сè што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 36

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Член 37

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 38

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) примероци за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ | ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СТОМАГРУП 19 ДОО СКОПЈЕ |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска<br>Министер за финансии | Борче Домлевски<br>Управител |

Изработил: Петрина Мале
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 633 www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19
издание 4

Прилог 1 кон договорот - Технички спецификации

Делот 2 од предметот на набавката ќе се врши според потребите и на барање на договорниот орган.

**Услугата - предмет на набавката, се врши на следниов начин:**

-барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга;

-издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за резервни делови кои не се наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови;

-издавање на писмено одобрение за извршување на услугата од договорниот орган (по доставена предлог пресметка);

-извршување на услугите од носителот на набавката и

-работен налог за извршена услуга.

**Предметот на набавката го опфаќа извршувањето на следниве услуги:**

- Отстранување и поправка на физичките делови (терминали, камери, DVR снимачи, напојување, итн.) без замена на резервен дел;

-Отстранување и поправка на дефекти со замена на резервен дел (кои се наведени во листата на цени за услуги и резервни делови);

-Отстранување на утврдениот дефект или проблем, со замена на резервен дел по доставена предлог пресметка (понуда) од страна на носителот на набавката за замена на резервниот дел (кои не се наведени во листата на цени за услуги и резервни делови) и по прифаќање на понудата од страна на договорниот орган и

- Одржување на софтвер на системот за контрола на пристап и работно време за подрачните одделенија на УИПР.

Договорниот орган не е обврзан да ги замени сите резервни делови наведени во техничката спецификација и листата на цени за услуги и резервни делови.

**Во понудената единечна цена за резервни делови наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови е содржана** цената на резервниот дел, кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот, цена на работен час (трошоци за работна рака), во која се вклучени: работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенд и празник, патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Висината на трговската маржа за набавка на делот кој не е наведен во Листата на цени за услуги и резервни делови, а кој треба да се замени по писмено барање на договорниот орган, потребно е да се изрази во (%) сметано од набавната цена на делот.

Набавната цена на делот е цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Во зависност од потребата за вградување на резервен дел кој не е во Листата на цени за услуги и резервни делови, носителот на набавката треба да понуди цена за истиот со трговска маржа најмногу до 15% од набавната цена на делот. За

докажување на висината на маржата носителот на набавката ќе биде должен да достави и примерок од фактура од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот.

Носителот на набавката е должен непосредно пред вградување на резервни делови за истите да достави гарантни листови, сертификати и/или атести, од производителот на резервните делови.

Гарантниот рок на нововградените резервни делови изнесува минимум 1 (една) година.

Одржувањето и сервисирањето треба да се врши во согласност со пропишаниот начин за сервисирање и поправки од производителот.

Вградените делови треба да бидат согласно со македонските национални стандарди кои се во согласност со Европските стандарди.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во најкраток оптимален рок, но не подолго од 3 работни денови.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог-пресметката (понудата), а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот почнува да тече сметано од денот на прифаќање на предлог-пресметката (понудата ) од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен набавката и вградувањето на резервните делови од увоз да го изврши за максимум 60 дена по прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува во случај на итен повик, односно на барањето за дополнително вонредно сервисирање од договорниот орган, да интервенира во рок не подолг од 24 часа и да го санира или отстрани дефектот во најкраток можен рок.

Понудата/предлог пресметка за секој резервен дел кој не е наведен во листата на цени за услуги и резервни делови треба да содржи цена на понудениот дел која вклучува:

-цена на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот;

-трговска маржа која се пресметува единствено на набавната цена на делот кој се заменува;

-цена на работен час (трошоци за работна рака), во која ќе бидат вклучени работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенд и празник, патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Наведените делови ја сочинуваат вкупна понудена цена за замена на резервниот дел.

**Напомена:**

Носителот на набавката е должен за секоја извршена интервенција/услуга да издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на определени лица од носителот на набавката и од договорниот орган.

За услугите извршени во градот Скопје нема да се признаваат патни трошоци, додека за услугите извршени надвор од градот Скопје, а кои се однесуваат конкретно на Отстранување и поправка на физичките делови (терминали, камери, DVR снимачи, напојување, итн.) без замена на резервен дел, ќе се признаваат патни трошоци во износ од 30% од цената на литар гориво по километар. Вкупниот износ на патни трошоци ќе се пресметува на следниот начин: километража (растојание помеѓу градовите) помножено со 30% од цената на литар гориво по километар.

Напомена:
Договорниот орган по службен пат ќе изврши безбедносна проверка од надлежен орган во РСМ за лицата кои ќе ја вршат услугата од предметот на набавката дека истите ги исполнуваат условите за непречено извршување на работите во објектите на органите на државните институции врз основа на потврда издадена од МВР за извршена проверка.

**Опис на системот за евиденција на работно време и контрола на пристап**

- **Технички спецификации на постојниот програмскиот пакет**

Постоечкиот програмски пакет за евиденција на работното време, SINS eDOS TimaReader. 2., се состои од сервис апликација, клиентска апликација (десктоп Windows базирана) и Web апликација.

**Сервис апликација** извршува комуникација и пренос на податоци од регистрациските терминали во реално време и нивно запишување во базата на податоци. Дополнителни функции кои ги извршува се и генерирање на извештаите за присуство и отсуство во реално време, синхорнизација на време на регистрациските терминали, креирање на системски логови како и дојава на проблеми во комуникација со регистрациските терминали (мониторинг на комуникацијата)

**Клиентска (десктоп) апликација** за управување со системот и преглед и уредување на извештаите за вработените. Работната платформа на оваа апликација е Windows базирана со лесна преносливост и начин на инсталација на истата од еден на друг персонален сметач.

**Клиентската апликација ги задоволува следните функционалности:**
Систем за најавување на оператори/корисници на системот поделени во категории според нивоа на пристап до опциите на програмскиот пакет.
Модул за управување со системот кој вклучува управување со регистрациските терминали, поставување на параметри за нивно работење, проверка на функционалност и комуникација, поставување на параметри за настаните кои се регистрираат во системот (присутност: влез, излез, службен излез, приватен излез, службен пат), отсутност: службен пат, боледување, редовен одмор, неплатен одмор, оправдана отсутност со можност за додавање на нови типови), програмирање на функциите на регистрациските терминали и поврзување со настаните во системот, поставување на параметрите за состојбите кои се генерираат во извештаите

(присутност, службен пат, службена отсутност, болничка отсутност, приватна отсутност, редовен одмор, неплатен одмор, оправдана отсутност со можност за додавање на нови типови), и дополнителни функции за управување и контрола на терминалите. Модулот содржи и функции за поставување на параметри за генерално однесување на системот како параметри за мрежната комуникација (времиња на мрежна комуникација со регистрациските терминали), параметри за приоритетна комуникација, автоматска корекција на грешки при регистрација на настани од страна на вработените, поставки за дојава по е-пошта за проблеми со системот.

Модул за управување со вработените и работното време кој вклучува опции за регистрација на вработени и корисници на системот, внес на картички за регистрација (можност за повеќе од 1 и поделба според тип на регистрациски терминал кој се користи во системот), внес на авторизации за вработен за користење на системот и тоа по опции за користење и според податоци од извештаите според организациони единици кои може да ги користи и начин за нивно користење (читање и/или пишување). Модулот содржи и опција за дефинирање на контролата на пристап, односно кој вработен на која локација (регистрациски терминал) може да се изврши регистрација. Контролата на пристап се управува на ниво на вработен по регистрациски терминали или на ниво на организациона група по регистрациски терминали. Модулот вклучува и опции за управување со работните времиња и тоа дефинирање на различни видови на работни времиња (фиксно, сменско, флексибилно), профили според кои се врши пресметката на работните времиња според толеранција на доаѓање и заминување, флексибилност на пресметка на доцнење, пресметка на прекувремени часови, пресметка на ноќна работа, пресметка на работа во празник, управување со празниците, внес на повеќе профили за сменското работење, автоматско откривање на смена за вработен според дефинирано работно време, евиденција на кршење на обврзана присутност, рамки за пресметка на прекувремена работа. Сите работни времиња може да се менуваат на ниво на вработен и на ниво на организациона единица и по потреба да се менуваат параметрите на постоечките дефинирани како и додавање на нови видови. Системот дозволува и ретроактивна промена на работно време кај одредени вработени или ад-хок промена кога одреден вработен само за одреден ден или период има промена на работно време и извештаите треба да бидат пресметани според привременото работно време.

Модулот за прегледи/извештаи ги содржи следните предефинирани типови на извештаи:

- Дневник на настани со преглед на сите регистрации во системот, начин на кој настанале (преку систем или рачно уредени/ внесени), време на регистрација, тип на настан, регистрациски терминал каде се извршила регистрацијата, адреса каде се извршило рачниот внес и корисник кој го извршил, податоци за вработениот и организационата единица. Дневникот на настани дозволува и уредување и внес на податоци заради корекција на одредени грешки во регистрација на вработените како и промена на видовите на настани.
- Детален извештај за вработените, организациони единици со податоци за состојбата на присуство или отсуство, време, вкупно работно
-

време, прекувремени часови, работа во празник, работа во неработен ден, ноќна работа, време на доцнење, време на недозволено отсуство.

- Функцијата за уредување на деталниот извештај е директно интегрирана во деталниот извештај и дозволува промена на податоци (со нивна регистрација како уредување на дневникот на настани), полу-автоматска корекција со бирање од регистрации на вработениот, приказ и посебно означување на состојбите кои се во недефинирана состојба (грешки), бришење и додавање на податоци за состојби кои мора да се водат рачно (годишен одмор, боледување и сл.) или состојби кои не биле регистрирани од страна на вработените, промена на вид на работно време ад-хок за ситуации кога вработениот работел според различно време од дефинираното за одреден ден или период и автоматска пресметка на часовите според тоа работно време.
- Сумарен извештај за состојби за вкупна присутност, планирани часови, различни категории на присутност/отсутност, прекувремени часови, ноќни часови, работа во неработни денови и празник
- Извештај за отсуства од работа според регистрации во системот или според одредени регистрирани состојби (болеудвања, годишни одмори)
- Извештај за присутство на работа
- Извештај за доцнења или кршење на обврзана присутност сумарно или детално по вработен. Можност за дефинирање на време за дозволено отстапување кое посебно ке ги означува вработените кои го надминале лимитот од времеот за отстапување.
- Детален и сумарен извештај за приказ на време на редовност, користење на пауза, службени излези и приватни излези за вработен. Состојбите се параметаризираат кои влегуваат во овој извештај.
- Извештај за вкупна искористеност на работни часови со приказ на неопходните податоци потребни за пресметка на плата: вкупно часови во период, вкупно часови одработени, вкупно часови на платено отсуство (боледување, годишен одмор, платено отсуство), вкупно часови на отсуство кое не е платено, прекувремени часови, часови во празник, часови во неработен ден, ноќна работа, часови на службен пат и дополнителни состојби по желба корисникот.

Сите извештаи можат да се извезат во следните формати: XLS и PDF и истите максимално можат да се менуваат по желба на корисникот преку вградени филтри во самите извештаи за датумски ограничувања (периоди за приказ), состојби за приказ, начини на пресметка на извештаите, вработен, организациона единица.

Програмот овозможува и дополнителни опции за регенерирање на извештаите според регистрациите во дневникот на настани, масовно генерирање на состојби за присуство и отсуство за одредена група на вработени, генерирање на посебна датотека или табела на податоци согласно потребите на апликација за пресметка на плата.

**Web апликација за преглед и уредување на извештаите**

Работна платформа на оваа апликација е веб базирана и подржана од ралични пребарувачи (browser) на основа на PHP, JavaScript, HTML и Oracle.

Апликацијата овозможува управување со дневникот на настани и извештаите за вработените исто како и клиентската (десктоп) апликација.

Функциите кои се содржат во оваа апликација се:

Модулот за прегледи/извештаи и ги содржи следните предефинирани типови на извештаи:

- Дневник на настани со преглед на сите регистрации во системот, начин на кој настанале (преку систем или рачно уредени/ внесени), време на регистрација, тип на настан, регистрациски терминал каде се извршила регистрацијата, адреса каде се извршило рачниот внес и корисник кој го извршил, податоци за вработениот и организационата единица. Дневникот на настани дозволува и уредување и внес на податоци заради корекција на одредени грешки во регистрација на вработените како и промена на видовите на настани.
- Детален извештај за вработените, организациони единици со податоци за состојбата на присуство или отсуство, време, вкупно работно време, прекувремени часови, работа во празник, работа во неработен ден, ноќна работа, време на доцнење, време на недозволено отсуство.
- Функцијата за уредување на деталниот извештај е директно интегрирана во деталниот извештај и дозволува промена на податоци (со нивна регистрација како уредување на дневникот на настани), полу-автоматска корекција со бирање од регистрации на вработениот, приказ и посебно означување на состојбите кои се во недефинирана состојба (грешки), бришење и додавање на податоци за состојби кои мора да се водат рачно (годишен одмор, боледување и сл.) или состојби кои не биле регистрирани од страна на вработените, промена на вид на работно време ад-хок за ситуации кога вработениот работел според различно време од дефинираното за одреден ден или период и автоматска пресметка на часовите според тоа работно време.
- Сумарен извештај за состојби за вкупна присутност, планирани часови, различни категории на присутност/отсутност, прекувремени часови, ноќни часови, работа во неработни денови и празник
- Извештај за отсуства од работа според регистрации во системот или според одредени регистрирани состојби (болеудвања, годишни одмори)
- Извештај за присутство на работа
- Извештај за доцнења или кршење на обврзана присутност сумарно или детално по вработен. Можност за дефинирање на време за дозволено отстапување кое посебно ке ги означува вработените кои го надминале лимитот од времеот за отстапување.
- Детален и сумарен извештај за приказ на време на редовност, користење на пауза, службени излези и приватни излези за вработен. Состојбите се параметаризираат кои влегуваат во овој извештај.
- Извештај за вкупна искористеност на работни часови со приказ на неопходните податоци потребни за пресметка на плата: вкупно часови во период, вкупно часови одработени, вкупно часови на платено отсуство (боледување, годишен одмор, платено отсуство), вкупно часови на отсуство кое не е платено, прекувремени часови, часови во празник, часови во неработен ден, ноќна работа, часови на службен пат и дополнителни состојби по желба корисникот.

Сите извештаи можат да се извезат во следните формати: XLS и PDF и истите максимално можат да се менуваат по желба на корисникот преку вградени филтри во самите извештаи за датумски ограничувања (периоди за приказ), состојби за приказ, начини на пресметка на извештаите, вработен, организациона единица.

Преку програмскиот пакет е овозможена мануелна регистрација на настан за секој вработен (во случај на заборавена картичка) и тоа е регулирано според нивото на пристап. Секој корисник кој има доделени привилегии за тоа, може да изврши мануелна регистрација за присутност/ отсутност преку веб пребарувач.

Системот содржи и опции за авторизации на корисниците за пристап до податоците од организационите единици и тоа читање и/или пишување/ уредување и тоа по надреденост или поединечно по организациона единица. Системот треба да овозможи и авторизации за пристап до одредени модули од апликацијата кои се контролираат преку супер администраторска сметка. Дополнителни групи за авторизација се оператори и администратори со различен пристап до модулите од апликацијата.

- **Технички спецификации на регистрациските терминали**

Локацијата на постоечките регистрациски терминали се дадени во следнава табела:

| | Град | Терминал | Камери | DVR | Мрежна опрема | Софтверско решение |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Берово | Берово | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Битола | Битола | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Велес | Велес | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Валандово | Валандово | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена | Виница | 1 | 1 | 1 | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| управна постапка – Виница | | | | | | |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гевгелија | Гевгелија | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Гостивар | Гостивар | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Дебар | Дебар | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Делчево | Делчево | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Демир Хисар | Демир Хисар | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Кавадарци | Кавадарци | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Кичево | Кичево | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна | Кочани | 1 | 1 | 1 | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| постапка – Кочани | | | | | | |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Крушево | Крушево | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Кратово | Кратово | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Крива Паланка | Крива Паланка | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Куманово | Куманово | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Македонски брод | Македонски брод | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Неготино | Неготино | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Охрид | Охрид | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Прилеп | Прилеп | 1 | 1 | 1 | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Пробиштип | Пробиштип | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Радовиш | Радовиш | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Ресен | Ресен | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Свети Николе | Свети Николе | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Струга | Струга | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Струмица | Струмица | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Тетово | Тетово | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Штип | Штип | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гази Баба | Скопје | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена | Скопје | 1 | 1 | 1 | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| управна постапка - Карпош | | | | | | |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Кисела Вода | Скопје | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Центар | Скопје | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Чаир | Скопје | 1 | 1 | 1 | | 0 |
| Централа на УИПР | Скопје | 0 | 0 | 0 | | 1 |
| ВКУПНО | | 34 | 34 | 34 | | 1 |

Понудените регистрациски терминали потребно е да ги задоволуваат следните минимални технички карактеристики:

Начинот на идентификација на читачите е со користење на радио фреквенција од 125 Khz и тоа безконтактен начин на идентификација.

Далечината на очитување на картичката не треба да биде помало од 3 cm а времето за очитување (верификација) на картичката не подолго од 1 секунда.

Регистрациските терминали треба да имаат меморија за корисници минимум 1000 и меморија за настани од минимум 30.000. Оваа меморија се користи за чување на податоците за идентификациските картички на вработените како и за ситуации во случај на прекин на комуникација со централниот сервер (offline) режим на работа.

Регистрациските терминали треба да имаат вграден модул за мрежна комуникација преку постоечка VPN мрежа (не надворшен адаптер или конвертор)

Екранот на регистрацискиот терминал треба да овозможува приказ на податоци за датум и време, податоци за вработениот кој ја врши регистрацијата (име, презиме, број на картичка и/или број во систем) како и избран статус (настан) за регистрација.

Избраниот настан треба да се прикажува на македонски јазик на латично или кирилично писмо и истиот треба да може да се програмира преку апликацијата по желба на корисникот и да се доделува со соодветно функциско копче на самиот регистрациски терминал.

Регистрациските терминали треба да овозможуваат програмирање на минимум 16 различни видови на настани преку вградена тастатура со функциски копчиња.

Заради природата на користење на дисперзирани локации, секој регистрациски терминал треба да поседува и сопствен интерфејс за пристап до него (web интерфејс) преку кој ке може да се врши директна промена на функциите, увид во податоците во меморијата, системски логови, промена на комуникациски параметри, параметри за работа, архивирање на податоците и сл.

Терминалите треба да работат во on-line начин на работа со пријава на регистрациите на вработените во реално време и во off-line начин на работа кога од различни причини не е можна комуникација помеѓу регистрацискиот терминал и централниот сервер. Во тој случај терминалот треба да ги чува регистрациите во својата интерна меморија и при повторно воспоставување на комуникацијата треба автоматски да ги пренесе во базата на податоци сместена на централниот сервер.

### 3. Надзор

Системот во секое подрачно одделение се состои од од 1 DVR со 500 GB диск кој е поврзан со една камера која треба да го покрие делот од просторот каде се наоѓа терминалот.
Системот обезбедува можност за надзор во живо и прегледување на снимка преку Ethernet LAN/WAN. VPN врската е обезбедена од Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи.
Постоечката мрежна опрема се состои од: rack-ормари, patch-панели, утикачи за LAN кабел, LAN кабел и канални кутии.
Системот е во согласност со важечките прописи и стандарди во Република Северна Македонија и во согласност со меѓународните стандарди од оваа област.
Распоредот на опремата по подрачните одделенија е даден во следната табела, а техничките спецификации се опишани во понатамошниот текст.

Технички карактеристики за камери:

-min. Horizontal resolution 1000 TVL or 720p

Технички карактеристики за дигитални видео рекордери (DVR):

-min. 1 input channels
-min HDD 500GB sata
-Recording frame: 15fps per camera
-min.Record resolution quality: 720p
-Compression
-USB ports for external archiving on USB Stick or Disk
-LAN connection
-Recording only when movement detected
-Control Center software – менаџирање на DVR – ите и надгледување на камерите преку LAN се врши од една локација од Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи.

*Снимките се чуваат 30 дена со тоа што најновите снимки ќе ги пребришуваат најстарите снимки.
*Мониторирањето на камерите поставени во подрачните одделенија, се врши во централата на УИПР.
* DVR – ите се поставени во или врз постоечките rack-ормари.

Технички карактеристики на UTP кабел:

-UTP Cat. 5e cable 200MHz PVC, 4P x 0.5mm, 3P certificated

Прилог 2 кон договорот-Листа на цени за услуги и резервни делови

| Дел 2 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Табела А - РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Р.б | Опис | Единица мерка | Понуден модел/тип или part number | Единечна цена без ДДВ |
| 1 | Регистрациски терминал за електронска евиденција на работно време | Парче | BF MINI | 9.000,00 |
| 2 | Напојување за регистрациски терминал | Парче | Adapter 12V 1A | 300,00 |
| 3 | Акумулаторско резервно напојување | Парче | UPS 650VA | 2.800,00 |
| 4 | Комуникациски мрежен кабел со заштитна фолија | Парче | FTP CAT 5e | 50,00 |
| 5 | Камера тип NIKVision DS-2CE56C2T-IRM или еквивалент | Парче | HIKVISION HWT T120-P 2MP | 1.500,00 |
| 6 | DVR NIKVision DS-7204HGHI-SH вграден хард диск 500 GB SATA или еквивалент | Парче | HIKVISION DS-7204HGHI-K1 | 5.800,00 |
| 7 | Напојување за камера тип NIKVision DS-2CE56C2T-IRM или еквивалент | Парче | Adapter 12V 1A | 300,00 |
| 8 | Напојување за DVR NIKVision DS-7204HGHI-SH вграден хард диск 500 GB SATA или еквивалент | Парче | Power cord 1.8m | 200,00 |
| 9 | Напоен кабел за камера тип NIKVision DS-2CE56C2T-IRM или еквивалент | Парче | Cable 2x0,75 | 50,00 |
| 10 | Напоен кабел за DVR NIKVision DS-7204HGHI-SH вграден хард диск 500 GB SATA или еквивалент | Парче | Power cord 1.8m | 200,00 |
| | | | ВКУПНО Табела А | **20.200,00** |

| Табела Б - УСЛУГИ | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Р.б | Вид на услуга | Единица мерка | Единечна цена без ДДВ по час |
| 1 | Отстранување и поправка на физичките делови (терминали, камери, DVR снимачи, напојување, итн.) без замена на резервен дел | Час | 1.500,00 |
| 2 | Одржување на софтвер на системот за контрола на пристап и работно време за подрачните одделенија на УИПР | Час | 2.000,00 |
| | | ВКУПНО Табела Б | **3.500,00** |

**ВКУПНА ЦЕНА**

**Одржување и сервисирање на системот за евиденција на работно време и контрола на пристап во подрачните одделенија на Управата за имотно - правни работи**

| Р.б. | ОПИС | ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | ВКУПНА ПОНУДЕНА ЦЕНА (Вкупно Табела А + Вкупно Табела Б) | **23.700,00** |

**НАПОМЕНА ВО ВРСКА СО ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ:**
**За сите активности лоцирани надвор од Скопје, а кои се однесуваат на Отстранување и поправка на физичките делови (терминали, камери, DVR снимачи, напојување, итн.) без замена на резервен дел, истите ќе се реализираат сукцесивно според потребите на договорниот орган и исклучиво врз основа на писмена порачка, патните трошоци ќе се пресметуваат по километар, и тоа по следнава формула:**
**Патни трошоци = километража (растојание меѓу градовите) x 30% од цената на литар гориво по километар**
**НАПОМЕНА: Во понудената единечна цена за резервни делови наведени во Листата на цени за услуги и резервни делови, Економскиот оператор треба да ги вкалкулира трошоците за работна рака и тоа: патни/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот, сите такси, увозни царини и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.**

**Цена на работен час (трошоци за работна рака), во која се вклучени: патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.**

**Работен час е бројот на работни часови потребен за извршување на бараната услуга независно од бројот на ангажирани лица за извршување на услугата.**

| |
|---|
| Економскиот оператор задолжително ги пополнува сите празни колони/полиња во Листата на цени за услуги и резервни делови. |
| *Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него. |